Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Друштво за телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ АД увоз-извоз
Бр. 0307-282/1
07.03.2025 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-2835/1.
Датум: 05-03-2025

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на услуги - ИПВПН податочна мрежа за пренос на податоци

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје, со седиште на бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр.15 Скопје, претставувано од Даме Цветковски, извршен директор во натамошниот текст: носител на набавката.

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е користење на телекомуникациски услуги – податочна мрежа за пренос на податоци за потребите на Министерството за финансии, согласно со тендерската документација и понудата прифатена од страна на договорниот орган, по спроведена отворена постапка по оглас број 21060/2024.

Предмет на договорот е услуга за VPN - Virtual Private Network податочна мрежа за пренос на податоци за потребите на Министерство за финансии (УИПР) и Трезорско работење со базирана на MPLS HUB&SPOKE site-to-site мрежна податочна архитектура изолирана и независна од било каков вид на интернет сообраќај) и изведена преку терестријална врска и терестријални дигитални симетрични линии за времетраење од 24 (дваесет и четири) месеци.

Составен дел на овој договор се техничките спецфикации (прилог 1).

Договорот за ниво на испорачана услуга (Service Level Agreement – SLA), кој содржи информации во врска со дефинирањето и пресметката на параметрите на нивото на опслужување за услугата на носителот на набавката, е даден како (прилог 2) кон овој договор и претставува негов составен дел.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Единечните цени на услугите предмет на овој договор се:

Табела 1: Управа за имотно правни работи

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ за период од 1 (еден) месец | Вкупна цена без ДДВ за период од 1 (еден) месец (4*5) |
| 1. | Брзина на конекција – 20 Mbps/s | парче | 17 | 4.600,00 | 78.200,00 |
| 2. | Брзина на конекцијата 30Mbps/s | парче | 16 | 5.600,00 | 89.600,00 |
| 3. | Брзина на конекцијата 150Mbps/s | парче | 1 | 15.000,00 | 15.000,00 |
| 4. | Надградба на брзина на конекцијата од 5Mbps/s | парче | 1 | 600,00 | 600,00 |
| 5. | Leyer 2 VPN 802.1Q Tunneling (Q-in-Q)/L2TP, 100 Mbps | парче | 1 | 9.200,00 | 9.200,00 |

Табела 2 Трезорски канцеларии

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр | Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ период од 1 (еден) месец | Вкупна цена без ДДВ период од 1 (еден) месец (4*5) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **трезорски канцеларии** | | | | | |
| | HUB | | | | |
| 1. | Министерство за финансии – Трезор: Брзина на конекција - 150 mbps | парче | 1 | 13.700,00 | 13.700,00 |
| 2. | Трезорска канцеларии: Брзина на конекцијата 15 mbps | парче | 16 | 4.570,00 | 73.120,00 |
| | | | | | |
| **Банкарска мрежа** | | | | | |
| | HUB | | | | |
| 3. | Министерство за финансии – Платен промет: Брзина на конекцијата 20 mbps | парче | 1 | 9.500,00 | 9.500,00 |
| | SPOKE | | | | |
| 4. | НБРМ МИПС - примарна локација: Брзина на конекцијата 10 mbps | парче | 1 | 4.600,00 | 4.600,00 |
| 5. | НБРМ МИПС Тест-примарна локација: Брзина на конекцијата 10 mbps | парче | 1 | 4.600,00 | 4.600,00 |


MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | НБРМ операции - примарна локација: Брзина на конекцијата 10 mbps | парче | 1 | 4.600,00 | 4.600,00 |
| 7. | НБРМ МИПС - секундарна локација: Брзина на конекцијата 10 mbps | парче | 1 | 4.600,00 | 4.600,00 |
| 8. | НБРМ операции - секундарна локација: Брзина на конекцијата 10 mbps | парче | 1 | 4.600,00 | 4.600,00 |
| 9. | КИБС - секундарна локација: Брзина на конекцијата 10 mbps | парче | 1 | 4.600,00 | 4.600,00 |

За евентуално користење на рутери барани од договорниот орган, цените за користење на следниве надградби се:

**Табела 3**

| Бр | Назив | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Единечен месечен наем на рутер тип 1 | парче | 1 | 0,00 |
| 2. | Единечен месечен наем на рутер тип 2 | парче | 1 | 0,00 |

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 7.600.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 1.368.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 8.968.000,00 денари со пресметан данок на додадена вредност.

Цената од став 1 на овој член е фиксна и непроменлива и во неа се вклучени трошоците што ги има носителот на набавката за: иницијално воспоставување на услугата, како и опремата потребна за реализација на услугата, инсталација и одржување на сервисите, конфигурација на рутерите, користење на картиците, модемите и останатата терминална опрема што носителот на набавката ќе ја отстапи на користење на договорниот орган за времетраење на договорот.

## III. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт.

Со гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начин и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## IV. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 4

Носителот на набавката се обврзува да ги изведе пристапните конекции на локациите со адресите дадени во техничките спецификации и поврзувањето на ИПВПН услугата од член 1 од овој договор во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на писмена порачка доставена од договорниот орган.

За извршување на услугите предмет на договорот, носителот на набавката ги вклучува лицата од стручниот кадар за извршување на услугите предмет на договорот, согласно со прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган.

Во исклучителни ситуации носителот на набавката може да изврши замена на лице од техничкиот персонал кој ќе учествува во извршувањето на договорот, со доставување на детално образложение и по добивање на одобрение од

договорниот орган, под услов лицето да ги исполнува условите предвидени во тендерската документација.

Неопходната терминална опрема за реализација на решението треба да се обезбеди од носителот на набавката. Локациите кои треба да се поврзат на VPN податочната мрежа со соодветните загарантирани симетрични пристапни брзини по локација се дадени во техничките спецификации.

За времетраење на овој договор брзината на пренос на податоци може да се зголеми на писмено барање на договорниот орган и тоа:

- до 120 mbps за локацијата од Табела 3 (УИПР - Струмица);

Поврзувањето на канцелариите на подрачните одделенија дадено во Табела 2 од техничките спецификации, евентуално ќе биде извршено дополнително во тек на договорот, по писмена порачка со наведена локација од страна на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи. Министерството за финансии не се обврзува да направи порачка за VPN поврзување за локацијата дадена во Табела 2 од техничките спецификации. Плаќањето на месечната претплата за канцелариите од Табела 2 од техничките спецификации ќе започне по нејзиното поврзување и почеток на испорака на ВПН услугата на таа локација.

Адресите на локациите на исталирање на пристапот и соодветните барани загарантирани брзини/максимални дозволени пристапни брзини се дадени во Техничките спецификации кои се дел од овој договор.

## V.ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 5

Носителот на набавката ја обезбедува услугата – предмет на договорот во времетраење од 24 месеци сметано од 1.4.2025 година, кој ден е определен за технички прием од страна на претставниците од двете договорни страни.

За извршениот технички прием се потпишува записник потпишан од двете договорни страни.

## VI. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 6

Договорниот орган плаќањето ќе го врши на месечно ниво во период од 24 (дваесет и четири) месеци и тоа во рок од 30 (триесет) календарски дена сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министертвото за финансии.

Кон првата фактурата се приложува и записникот за технички прием и порачката. Доколку се направат дополнителни порачки и тие се прилог кон фактурата.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Носителот на набавката е должен да пристапи кон реализација на овој договор на начин и согласно прифатените услови дефинирани во понудата.

Носителот на набавката е должен да обезбеди квалитетно и непрекинато користење на услугата, своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација и упатствата на договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 8

Договорниот орган е должен да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавка.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плаќа на носителот на набавката за извршената услуга според условите дефинирани во член 6 од овој договор.

Опремата која служи за реализација на сервисите е сопственост на носителот на набавката и се дава на користење на договорниот орган за целото времетраење на договорот. Договорниот орган се обврзува за тој период да се однесува како добар стопанственик кон опремата дадена на користење.

Доколку се утврди дека опремата е расипана, договорниот орган не смее да ја отвара или да врши поправки на истата, туку треба да го извести носителот на набавката за проблемот и да му овозможи пристап до опремата со цел нејзино поправање или заменување.

## IX. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 9

Определените лица од Носителот на набавката за реализација на Договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите

останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на Договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на Носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 10

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на Договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој Договор од страна на Носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои Договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 11

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на Договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на Договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган.

Член 12

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 9 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 13

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, Носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај Договорниот органот.

Член 14

Носителот на набавката по писмено барање на Договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали Носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 15

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој Договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 16

Одредбите од глава IX од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај Носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 18

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 19

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен, дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

Член 20

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.


MQS
Partner of Quality Austria

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 21

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорени страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 22

За сé што не е предвидено со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 23

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 24

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 25

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| Договорен орган: | Носител на набавката: |
| Република Северна Македонија | Друштво за телекомуникации |
| Министерство за финансии | и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз |
| Скопје | Скопје |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Даме Цветковски |
| Министер за финансии | Извршен директор |

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

ПРИЛОГ 1

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ
## за јавна набавка на услуги –
## ИПВПН податочна мрежа за пренос на податоци

Предмет на набавката: VPN услуги

Предмет на ова набавка е склучување договор за VPN - Virtual Private Network податочна мрежа за пренос на податоци за потребите на Министерство за финансии (УИПР) и Трезорско работење на MPLS HUB&SPOKE site-to-site мрежна податочна архитектура изолирана и независна од било каков вид на интернет сообраќај) и изведена преку терестријална врска и терестријални дигитални симетрични линии за времетраење од 24 (дваесет и четири) месеци. Неопходната терминална опрема за реализација на решението треба да се обезбеди од носителот на набавката. Локациите кои треба да се поврзат на ИПВПН податочната мрежа со соодветните загарантирани симетрични пристапни брзини по локација се дадени во Табела 1, Табела 2, Табела 3, Табела 4, Табела 5.

За времетраење на овој договор брзината на пренос на податоци, по чекор од 5 mbps, може да се зголеми на писмено барање на договорниот орган и тоа:

- до 120 mbps за локацијата од Табела 3 (УИПР - Струмица).

Табела 1

| р.б. | Подрачно одделение | Град | Адреса | Брзина Mbps |
|---|---|---|---|---|
| HUB | | | | |
| 1 | УИПР - ЦЕНТРАЛА | Скопје | ул. Даме Груев бр.12 | 150 |
| SPOKE | | | | |
| 2 | Подрачно одделение Берово | Берово | ул. Димитар Влахов бр.10 | 20 |
| 3 | Подрачно одделение Битола | Битола | ул.Димитар Илиевски бр.24б | 30 |
| 4 | Подрачно одделение Валандово | Валандово | ул. 4 Јули 6б | 20 |
| 5 | Подрачно одделение Велес | Велес | ул. Панко Брашнар бр.1 | 30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Подрачно одделение Виница | Виница | ул. Бел камен бр.13 | 20 |
| 7 | Подрачно одделение Гевгелија | Гевгелија | ул. 7 Ноември бр.49 | 30 |
| 8 | Подрачно одделение Гостивар | Гостивар | Бул. Браќа Гиновски бб | 30 |
| 9 | Подрачно одделение Дебар | Дебар | ул. Вељко Влаховиќ бб | 20 |
| 10 | Подрачно одделение Делчево | Делчево | Бул. Македонија бб | 20 |
| 11 | Подрачно одделение Демир Хисар | Демир Хисар | ул. Битолска бб | 20 |
| 12 | Подрачно одделение Кавадарци | Кавадарци | ул. Маршал Тито бб | 20 |
| 13 | Подрачно одделение Кичево | Кичево | ул. Борис Кидрич бр.1 | 30 |
| 14 | Подрачно одделение Кочани | Кочани | ул. Раде Кратовче бр.1 | 20 |
| 15 | Подрачно одделение Кратово | Кратово | ул. Плоштад Павел Шатев бб | 20 |
| 16 | Подрачно одделение Крива Паланка | Крива Паланка | ул. Свети Јоаким Осоговски бр.175 | 20 |
| 17 | Подрачно одделение Крушево | Крушево | ул. Никола Ѓурковиќ бб | 20 |
| 18 | Подрачно одделение Куманово | Куманово | ул. Гоце Делчев бб | 30 |
| 19 | Подрачно одделение Македонски Брод | Македонски Брод | ул. Маршал Тито бб | 20 |
| 20 | Подрачно одделение Неготино | Неготино | ул. Ацо Аџи Илов бб | 20 |
| 21 | Подрачно одделение Охрид | Охрид | ул. Димитар Влахов бб | 30 |
| 22 | Подрачно одделение Прилеп | Прилеп | ул. Питу Гули бр.2 | 30 |
| 23 | Подрачно одделение Радовиш | Радовиш | бул. Александар Македонски бб | 20 |
| 24 | Подрачно одделение Ресен | Ресен | ул. Борис Кидрич бб | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | Подрачно одделение Свети Николе | Свети Николе | ул. Плоштад Илинден бб | 20 |
| 26 | Подрачно одделение Струга | Струга | ул. Димче Ковачевски бр.2 | 30 |
| 27 | Подрачно одделение Тетово | Тетово | ул. Дервиш Цара бб | 30 |
| 28 | Подрачно одделение Штип | Штип | ул. Васил Главинов 4Б | 30 |
| 29 | Подрачно одделение Гази Баба | Скопје | Бул. "Архимедова" бр.2 | 30 |
| 30 | Подрачно одделение Карпош | Скопје | ул.Даме Груев бр.14 втори кат | 30 |
| 31 | Подрачно одделение Кисела Вода | Скопје | ул. Борис Трајковски бб | 30 |
| 32 | Подрачно одделение Пробиштип | Пробиштип | ул. Јаким Стојковски бр.3 | 20 |

Табела 2

| р.б. | Подрачно одделение | Град | Адреса | Брзина |
|---|---|---|---|---|
| 33 | Подрачно одделение Центар | Скопје | ул.Даме Груев бр.14 први кат | 30 |
| 34 | Подрачно одделение Чаир | Скопје | ул.Даме Груев бр.14 први кат | 30 |

Табела 3
Leyer 2 VPN 802.1Q Tunneling (Q-in-Q)/L2TP меѓу локациите:

| р.б. | Локација | Град | Адреса | Брзина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | УИПР - ЦЕНТРАЛА | Скопје | ул. Даме Груев бр.12 | 100 |
| 35 | Подрачно одделение Струмица | Струмица | ул. Светозар Марковиќ бр.1 | |

Табела 4

| Ред. бр | Локација | Адреса | Брзина на конекцијата |
|---|---|---|---|
| | HUB | | |
| 1. | Министерство за финансии – Трезор | Даме Груев 12, Скопје | 150 mbps |

| | SPOKE | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Трезорска канцеларија Битола | ул. Димче Илиевски-Мурато 24б, Битола | 15 mbps |
| 3. | Трезорска канцеларија Велес | ул.Панко Брашнар 1, Велес | 15 mbps |
| 4. | Трезорска канцеларија Гостивар | ул.Браќа Гиновски 117, Гостивар | 15 mbps |
| 5. | Трезорска канцеларија Гевгелија | ул.7-ми Ноември бр. 29, Гевгелија | 15 mbps |
| 6. | Трезорска канцеларија Делчево | бул. Македонија 6б, Делчево | 15 mbps |
| 7. | Трезорска канцеларија Кавадарци | бул.Маршал Тито 6б, Кавадарци | 15 mbps |
| 8. | Трезорска канцеларија Кичево | ул. Борис Кидрич 1, Кичево | 15 mbps |
| 9. | Трезорска канцеларија Кочани | ул.Раде Кратовче бр.1, Кочани | 15 mbps |
| 10. | Трезорска канцеларија Куманово | ул.Гоце Делчев 6б, Куманово | 15 mbps |
| 11. | Трезорска канцеларија Охрид | ул. Димитар Влахов 57, Охрид | 15 mbps |
| 12. | Трезорска канцеларија Прилеп | ул.Питу Гули 2, Прилеп | 15 mbps |
| 13. | Трезорска канцеларија Струга | ул. Димче Ковачевски бр.2, Струга | 15 mbps |
| 14. | Трезорска канцеларија Струмица | Бул. Маршал Тито 6б, Струмица | 15 mbps |
| 15. | Трезорска канцеларија Тетово | ул.Илирија 40, Тетово | 15 mbps |
| 16. | Трезорска канцеларија Штип | ул.Васил Главинов 6б, Штип | 15 mbps |
| 17. | Трезорска канцеларија Дебар | ул.Братство Единство 144, Дебар | 15 mbps |

Табела 5

| Ред. бр | Локација | Адреса | Брзина на конекцијата |
|---|---|---|---|
| | HUB | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Министерство за финансии – МИПС | ул. Даме Груев 12, Скопје | 20 mbps |
| | SPOKE | | |
| 2. | НБРМ МИПС - примарна локација | Бул.Кузман Јосифовски Питу, бр1 | 10 mbps |
| 3. | НБРМ МИПС Тест-примарна локација | Бул.Кузман Јосифовски Питу, бр.1 | 10 mbps |
| 4. | НБРМ операции - примарна локација | Бул.Кузман Јосифовски Питу, бр.1 | 10 mbps |
| 5. | НБРМ МИПС - секундарна локација | Ул.Тодор Александров,бр.165 Скопје | 10 mbps |
| 6. | НБРМ операции - секундарна локација | Ул.Тодор Александров,бр.165 Скопје | 10 mbps |
| 7. | КИБС - секундарна локација | Бул. Јане Сандански бр.70, Скопје | 10 mbps |

Поврзувањето на канцелариите на подрачните одделенија дадено во Табела 2, евентуално ќе биде извршено дополнително во тек на договорот, по писмена порачка со наведена локација од страна на Министерството за финансии. Министерството не се обврзува да направи порачка за VPN поврзување за локацијата дадена во Табела 2. Плаќањето на месечната претплата за канцеларијата од табела 2 ќе започне по нејзино поврзување.

- Топологијата на поврзувањето треба да е point–to–multipoint (HUB & Spoke), од централната локација со реден број 1 кон локациите со реден број 2 до 34 прикажани во Табела 1 и 2 и локациите со ред број од 1 до 17 во Табела 4 и Табела 5, која треба да функционира како единствена VPN мрежа на корпоративно ниво. Истата треба да обезбеди соодветно дефинирани типови на квалитет на сервисот.
- Топологијата на поврзувањето од централната локација со реден број 1 кон локацијата со реден број 35, прикажани во Табела 3, треба да е Leyer 2 VPN 802.1Q Tunneling (Q-in-Q)/L2TP со брзина од 100 Mbps. Истата треба да обезбеди соодветно дефинирани типови на квалитет на сервисот.
- Понудувачот за секоја пристапна точка треба да ја обезбеди целокупната активна опрема (рутери, модеми, пристапни линии, IP адреси и сл.) потребна за воспоставување на VPN конекцијата.

Пристапните линии провајдерот треба да ги донесе до просториите единиците на УИПР.
- Провајдерот треба да ја инсталира и конфигурира целокупната опрема потребна за остварување на бараната услуга - воспоставување на VPN.
- Доколку настане промена на локацијата на податочниот центар на договорниот орган, односно приклучната мрежа, провајдерот на барање на договорниот орган е обврзан да изврши префрлање на линкот на новата локација без дополнителен трошок.
- Тип на поврзување помеѓу корисничката опрема и опремата на провајдерот: Ethernet RJ-45 интерфејс.
- Веб базирана софтверска алатка за мониторирање на линковите и сообраќајот меѓу сите VPN точки како и секоја точка поодделно.
- максимален и минимален сообраќај примен и испратен по линкот.
- Просечни вредности (MAXIMUM SEND/RECEIVED, MINIMUM SEND/RECEIVED, AVERAGE SEND/RECEIVED bps, со графички приказ во реално време и статистика).
- Историја на остварениот сообраќај по денови, недели и месеци.
- праќање административни e-mail алерти или snmp traps до мониторинг системот на Министерството за финансии во случај на пад на било кој линк и овозможување network flow monitoring до истиот.
- Достапноста на услуга да не е помала од 99% на месечно ниво за загарантираните брзини.
- Економскиот оператор во својата понуда да достави предлог на договор за ниво на испорачана услуга (SLA-Service Level Agreement) која јасно укажува на 99% достапност на услугата со:
- посебно искажан начин за пресметка на пеналите и следните кредити за незаштитени сервиси:

| Достапност на услугата од % | Достапност на услугата до % | Кредити за услугата, % |
|---|---|---|
| 100 | 99 (вклучено) | 0 |
| 98.99 | 98 (вклучено) | 3 |
| 97.99 | 96 (вклучено) | 8 |
| 95.99 | 93 (вклучено) | 15 |
| 92.99 | 90 (вклучено) | 18 |
| 89.99 | 0 | 100 |

- начин на пријава и следење на дефекти и дефинирани детали околу

времето на реакција и времето на отклонување на пречки при нивна појава во и вон работно време.
– 365/24/7 телефонска поддршка.

Во понудената цена за VPN услугата да бидат вклучени сите трошоците и цената за:

- иницијално воспоставување на услугата како и опремата потреба за реализација на истата и
- инсталација и одржување на сервисите, конфигурација на рутерите, користење на картиците, модемите и останатата терминална опрема што понудувачот ја користи за овозможување на услугата за времетраење на договорот

Пристапната линија понудувачот треба да ја донесе до просторијата на Трезорската канцеларија каде што е сместен рутерот Табела 4.

Доколку настане промена на локацијата на податочниот центар на договорниот орган, односно приклучната мрежа, економскиот оператор на барање на договорниот орган е обврзан да изврши префрлање на линкот на новата локација без дополнителен трошок.

Министерството за финансии на секоја локација располага со рутери од Cisco серија со технички спецификации дадени во табела 6:

Табела 6

| Ред. бр | Локација | Тип на рутер | Конфигурација |
|---|---|---|---|
| 1. | Министерство за финансии – Трезор | Cisco 4431 | ISR 4431;<br>4GE, 3NIM, 8G FLASH, 4G DRAM, IPB |
| 2. | Министерство за финансии – МИПС | Истиот од точка 1. | " |
| 3. | Трезорска канцеларија Битола | Cisco 1841 | - Router HSEC/H9<br>- WIC-1T<br>- FastEthernet x2 парчиња<br>- AIM-VPN Module |
| 4. | Трезорска канцеларија Велес | Cisco 1841 | " |
| 5. | Трезорска канцеларија | Cisco 1841 | " |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Гостивар | | |
| 6. | Трезорска канцеларија Гевгелија | Cisco 1841 | " |
| 7. | Трезорска канцеларија Делчево | Cisco 1841 | " |
| 8. | Трезорска канцеларија Кавадарци | Cisco 1841 | " |
| 9. | Трезорска канцеларија Кичево | Cisco 1841 | " |
| 10. | Трезорска канцеларија Кочани | Cisco 1841 | " |
| 11. | Трезорска канцеларија Куманово | Cisco 1841 | " |
| 12. | Трезорска канцеларија Охрид | Cisco 1841 | " |
| 13. | Трезорска канцеларија Прилеп | Cisco 1841 | " |
| 14. | Трезорска канцеларија Струга | Cisco 1841 | " |
| 15. | Трезорска канцеларија Струмица | Cisco 1841 | " |
| 16. | Трезорска канцеларија Тетово | Cisco 1841 | " |
| 17. | Трезорска канцеларија Штип | Cisco 1841 | " |
| 18. | Трезорска канцеларија Дебар | Cisco 1841 | " |

За реализација на договорот треба да се употребат горе наведените Cisco рутери.

- За конекцијата од Табела 4, бр. 1 (HUB), во Министерството за финансии се користи рутер Cisco 4431 од табела 3 бр. 1, на кој ќе биде приклучена линијата со приклучна брзина од 150 mbps и која ќе биде HUB кон кој ќе се поврзат приклучените линии (SPOKE) од трезорските канцеларии (од Табела 4, точка 2 до 17).
- За конекцијата од Табела 5, бр. 1, во Министерството за финансии се користи истиот рутер Cisco 4431 за конекцијата од Табела 4 бр.1 и на кој ќе биде приклучена линијата (HUB приклучна точка, Табела 5, бр. 1) со приклучна брзина од 20 mbps. Конекцијата ќе служи за приклучување кон Банкарската мрежа за платен промет, со конекции кон НБРМ МИПС - примарна локација, НБРМ МИПС Тест-примарна локација, НБРМ операции - примарна локација, НБРМ МИПС - секундарна локација, НБРМ операции - секундарна локација, КИБС - секундарна локација. Конекцијата треба да

терминира со RJ-45 во рутерите кои се во сопственост на горе споменатите институции.

Наведените рутери од табела 6 се користат за постоечкиот договор за остварување на наведените ИПВПН конекции. Реализација на договорот Носителот на набавка треба да го изврши без прекин на конекциите од постоечкиот оператор.

Доколку рутерите со кои располага Министерството за финансии не ги задоволуваат потребите на операторот за бараната услуга, операторот треба да обезбеди надградба на постоечката или нова опрема на негов трошок, на користење на министерството за времетраење на договорот, а која надградба/опрема останува во сопственост на операторот.

Доколку настане дефект на рутерите со кои располага Министерството за Финансии, операторот е должен да обезбеди замена на рутер тип 2 кој ќе го изнајмува на месечно ниво, еквивалентни по техничките карактеристики на рутерот кој го има Министерството за Финансии, со технички спецификации опишани во погоре во Табела 5, односно:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Рутер тип 1 | Cisco 4431 | ISR 4431;<br>4GE, 3NIM, 8G FLASH, 4G DRAM, IPB |
| 2. | Рутер тип 2 | Cisco 1841 | - Router HSEC/H9<br>- WIC-1T<br>- FastEthernet x2 парчиња<br>- AIM-VPN Module |

Рутерот тип 1 го обезбедува Министерство за финансии, додека обврска на носителот на понудата е да ја изврши потребната конфигурација на рутерот за да ја реализира услугата.

Во понудената цена за ИПВПН услугата да бидат вклучени трошоците и цената за:

- иницијално воспоставување на услугата како и опремата потребна за реализација на истата, инсталација и одржување на сервисите, конфигурација на рутерите, користење на картиците, модемите и останатата терминална опрема што понудувачот би ги отстапил на користење на Министерството за финансии за времетраење на договорот.

Економскиот оператор треба да обезбеди јасна процедура за барањата за зголемување на брзините по локација и нивно извршување. Договорниот орган не се обврзува дека ќе ги побара и користи овие надградби.

прилог 2

Dame Cvetkovski

Digitally signed by Dame Cvetkovski
Date: 2025.01.14 14:00:48 +01'00'

# Договор за ниво на услуга

Национален и Интернационален ИП транзит, ИП пристап, Интернет и друго

**ПРИЛОГ 1**

**Неотел ДОО**
**Датум:**

# 1. Ниво на услуга и кредити за услуга

Операторот и/или Давателот на услуги треба да ги исполнува нивоата на услуги во поглед на достапноста на сервисите/услугите базирани на Интернет протоколот (ИП) и кои се дефинирани во насловот на овој Договор. Овој анекс му гарантира на Претплатникот одредена достапност на сервисот за целото времетраење на договорот. Сите договорени нивоа на услуги кои Претплатникот ги користи од Операторот се понудени како кредити во вид на процент од месечниот надомест за услугата. Кредитите за услугата треба да бидат единственото и ексклузивно средство на Претплатникот за било каков недостаток од страна на Операторот, во однос на исполнувањето на нивоата на услуги содржани во овој Анекс. Овој Договор за ниво на услуга е составен дел на Општиот претплатнички договор за користење на услугите на Операторот и се однесува само на услугите наведени во соодветниот Формулар за нарачка.

Договорот за ниво на услуга се смета за важечки од моментот на активација на услугата, односно од денот на потпишување на соодветниот *Формулар за Прифаќање на Услугата* од двете страни.

1.1. Сите услови кои се користени во овој Анекс, а кои не се дефинирани во истиот, ќе го имаат значењето утврдено во Општиот претплатнички договор за користење на услугите на Операторот или во Формуларот за нарачка, при што формуларот за нарачка преовладува.

**1.2. Достапност на услугата**

1.2.1 Достапноста на услугата зависи од техничките перформанси на мрежната инфраструктура, нејзиниот квалитет, редундантноста, како и од тоа дали во пресметката на достапноста е вклучен локалниот пристап. Локалниот пристап во некои случаи е обезбеден од страна на други оператори/подизведувачи. Достапноста на услугата се однесува само на сервисот кој е наведен во соодветниот формулар за нарачка.

1.2.2 Достапноста на услугата се мери на месечна основа и се пресметува според следната формула:

1.2.3
$$\textbf{Достапност на услугата} = \frac{\textbf{минути во месец} - \textbf{вкупен прекин(минути во месец)}}{\textbf{минути во месец}} \times 100,\ \%$$

Гарантираната достапност на услугата е **99,00%** **на месечна основа.**

1.2.4 Следните кредити за услугата се применуваат во случај да не е исполнето договореното ниво на услуга:

| **Достапност на услугата, %, помеѓу** | | **Кредити за услугата, %** |
|---|---|---|
| 100 | 99 (вклучено) | 0 |
| 98.99 | 98 (вклучено) | 3 |
| 97.99 | 96 (вклучено) | 8 |
| 95.99 | 93(вклучено) | 15 |
| 92,99 | 90(вклучено) | 18 |
| 89.99 | | 100 |

1.2.5 Операторот нема да му одобри кредити за услугата на Претплатникот во поглед на договорениот датум за испорака или во поглед на достапноста на услугата доколку дојде до прекини на услугата предизвикани од некоја од следните причини:

- Дефект или неодговорност на Претплатникот, неговите вработени, агенти или изведувачи
- Претплатникот не се придржува кон роковите и условите на Операторот наведени во договорот
- Настани од виша сила
- Одржување за време на планиран прекин, за кој Претплатникот е претходно известен.

Кредитите за услугата нема да бидат исплатени доколку дефектот не е пријавен во согласност со соодветните процедури за пријавување на дефект на Операторот.

1.2.6 Најавените прекини и планирани активности се исклучени од пресметките за достапност на услугата наведени погоре.

1.2.7 За добивање на кредит поради неисполнување на нивоата на услуга, Претплатникот мора да поднесе писмено барање во рок од петнаесет (15) календарски денови од следниот месец во кој договорените нивоа на услуга не се исполнети. На Претплатникот нема да му бидат дозволени кредити за услугата доколку не достави писмено барање до Операторот во дозволениот рок.

1.2.8 На Претплатникот нема да му бидат дозволени кредити за услугата доколку има доспеан а неплатен долг кон Операторот.

**1.3 Гаранција за "round-trip" доцнење (месечен просек)**

Целта на Операторот во однос на "round-trip" доцнењето е 80 ms или помалку помеѓу ИП точката на демаркација на Операторот и хостови во Европа, односно 180ms или помалку помеѓу ИП точката на демаркација на Операторот и транс-атлантски хостови.

Кредитот за услугата кој се применува во случај да не е исполнето договореното ниво за "round-trip" доцнење е 5% од месечната цена.

**1.4 Загуба на пакети (месечен просек)**

Операторот се обврзува на следните параметри за загуба на пакети:

| | Цел | Покриени места |
|---|---|---|
| • Транс-атлантски | 1% | Северна Америка |
| • Европа | 1% | Европа |

Кредитот за услугата кој се применува во случај да не е исполнето договореното ниво за загуба на пакети е 1/30 од месечната цена.

**1.5 Просечно време на отклонување на дефекти**

Просечното време на отклонување на дефекти е 4 (четири) часа сметано од отворањето на тикет на дефекти од страна на Претплатникот, освен при прекини на оптички кабел, времето на отклонување на дефекти е 8 (осум) часа.

**1.6. Прифаќање на услугата**

Операторот писмено ќе го извести Претплатникот дека услугата е активирана. Претплатникот има на располагање 24 часа да ја тестира услугата во соработка со Операторот. По успешно извршеното 24-часовно тестирање, Операторот ќе ја предаде услугата на Претплатникот преку соодветниот протокол за прифаќање на услугата (Формулар за прифаќање на сервисот). Доколку протоколот не е потпишан од страна на Претплатникот во рок од 5 (пет) работни дена, а притоа Претплатникот нема никакви приговори, услугата се смета за прифатена и ќе започне со фактурирање.

## 2. Управување со дефекти

2.1.1 Следните процедури за управување со дефекти треба да се применуваат во поглед на сервисот предвиден во овој договор:

2.1.2 Контакти за пријава на дефекти

Операторот и Претплатникот треба да се договорат за меѓусебните контакти за пријавување на дефекти кои според целите на овој Договор, се објаснети во контакт листата во точка 4.

Одговорности на техничката поддршка на Операторот се:

- Регистрирање на секој пријавен дефект на порталот за корисничка поддршка
- Поддршка за базата на податоци, која содржи податоци за сите регистрирани дефекти
- Достапност: 24/7/365
- Координација при локализација, дијагноза и отстранување на дефекти
- Мониторинг на договорените параметри за квалитет на сервис
- Обезбедување на статистички податоци за дефектот

2.1.3 Секоја од договорните страни треба да обезбеди контакти достапни во било кое време со телефонски број, факс, e-mail, итн. и да ја информира навремено другата договорна страна за било какви настанати промени кај истите.

2.1.4 Контакт лицата на двете договорни страни се одговорни за извршување на процедурите наведени во овој Договор.

**2.3 Процедури за управување со дефекти**

**2.3.1 Регистрација на дефекти**

2.3.1.1 Кога ќе дојде до дефект на сервисот, Претплатникот треба истиот да го пријави и да отвори тикет за дефекти на *порталот за корисничка поддршка* на Операторот, со целосно и детално објаснување како настанал. Операторот во најкраток можен рок ќе одговори на отворениот тикет.

2.3.1.2 Претплатникот е должен за секој прекин за кој сака да се пресметаат кредити да поднесе писмена пријава на e-mail адресата: support@neotel.com.mk и да отвори тикет за дефекти на линкот: http://support.neotel.com.mk

2.3.1.3 Корисничко име и лозинка за логирање на порталот за корисничка поддршка на Операторот како и Идентификациски број на сервисот, Претплатникот ќе добие по потпишувањето на Формуларот за прифаќање на услугата.

2.3.1.4 Во итни случаи Претплатникот може да контактира со дежурната служба на центарот за корисничка поддршка на телефонскиот број: +389 2 55 11 111. И во овој случај Претплатникот мора да го пријави дефектот според точка 2.3.1.2 максимум 48 часа по отклонување на дефектот, за да биде подобен за добивање на кредити.

2.3.1.5 Ако Претплатникот не го пријави дефектот според оваа процедура, Операторот не е обврзан да го прифати времето на прекин во пресметката дефинирана погоре. Времето на прекин се пресметува од моментот на пријава на дефектот од страна на Претплатникот според точка 2.3.1.2 или 2.3.1.4 до моментот на отклонување на дефектот, потврдено од страна на Операторот.

2.3.1.6 Процедурата за пријавување на дефекти стапува на сила на денот на потпишување на овој договор.

**2.3.2 Размена на информации**

Сите извештаи за дефектите кои влијаат на физичката конекција ќе бидат разменети помеѓу контакт лицата од двете договорни страни. Мора да бидат обезбедени доволно информации со цел да се овозможи двете договорни страни да вршат дијагностицирање, а потоа и отклонување на дефектот. Овие информации треба да бидат разменети преку средство кое што е взаемно договорено (факс, телефон или e-mail).

**2.3.3 Прогресија на дефектот**

2.3.3.1 По процесот на регистрирање на дефектот и размената на информации Операторот веднаш треба да започне работни активности за отклонување на дефектот и треба да го информира Претплатникот за природата на настанатиот дефект како и за проценетиот временски интервал во кој дефектот треба да биде отстранет.

2.3.3.2 Контакт лицата од овој Договор ја задржуваат генералната одговорност за отстранување на дефектот.

2.3.3.3 Во случај кога дефектот е лоциран на страната на Претплатникот во точката на демаркација или во мрежата или опремата на подизведувачот, Операторот ќе го извести Претплатникот или подизведувачот за овој случај и ќе го затвори тикетот за дефектот.

**2.3.4 Затворање на дефектот**

2.3.4.1 Кога дефектот е отстранет Операторот треба веднаш да испрати потврда до Претплатникот.

2.3.4.2 Претплатникот треба во рок од 1 (еден) час од добиената потврда или да потврди прием за затворање на дефектот или пак ако е потребно да побара да изведе повторен тест. Дефектот ќе се смета за решен кога:

- двете договорни страни ќе ја прифатат потврдата за затворање на дефектот,
- ќе го потврдат успешно изведениот повторен тест,
- во случај кога нема прифаќање, повторен тест или одбивање на затворање на дефектот од страна на Претплатникот во рок од 1 (еден) час од времето кога Операторот ќе ја обезбеди потврдата наведена во точка 2.3.3.3.

## 3 Планирани активности

3.3 Планираните прекини треба да бидат најавени со писмено известување испратено до Претплатникот, минимум 48 часа однапред. Известувањето треба да ги содржи датата и часовите во кои Операторот ќе го суспендира користењето на услугата како и очекуваното времетраење на суспензијата.

3.4 Планираните прекини треба да бидат организирани во текот на временската рамка од 23:00 часот до 07:00 часот според Централното Европско Време.

3.5 Контакт лицата кај двете договорни страни кои ќе бидат поврзани со планираните активности се дадени во списокот на лица за контакт – точка 4.

## 4 Листа на контакти

| Контакти за пријава на дефекти кај Операторот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Техничка поддршка 24/7/365 | | Тел: +389 2 55 11 111 | support@neotel.com.mk | http://support.neotel.com.mk |
| **Ниво на ескалација** | **Позиција** | **Име** | **e-mail** | **Контакт број** |
| Ниво 1 | | | | |
| Ниво 2 | | | | |
| Ниво 3 | | | | |
| **Контакти за ескалација на дефекти кај Претплатникот** | | | | |
| **Ниво на ескалација** | **Позиција** | **Име** | **e-mail** | **Контакт број** |
| Ниво 1 | | | | |
| Ниво 2 | | | | |
| Ниво 3 | | | | |

## 5. Завршни одредби

Овој Прилог 1 - Договор за ниво на услуга, претставува составен дел од Општиот претплатнички договор за користењето на услугите на Операторот. Се што не е предвидено со овој Договор е регулирано во Општиот претплатнички договор и во Општите Услови на Операторот. Со потпишување на овој Договор Претплатникот потврдува дека ги прифаќа условите наведени во него и изјавува дека е запознаен и ги прифаќа Општите услови на Операторот.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **За Операторот** | | **За Претплатникот** | |
| **Неотел ДОО** | | **Назив** | |
| Даме Цветковски<br>Управител | потпис | | потпис |
| | | | |
| | потпис | | потпис |
| | | | |
| Место и Датум | Скопје, __/__/____ | | Скопје, __/__/____ |